# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците



ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2019

*Сабота, 6 април 2019*

## БОЖЈИОТ ДАР ЗА НЕМИЈА

За време на израелското ропство во Вавилон, Ерусалим лежел во урнатини. Бог го подигнал Немија, го обдарил со потребните вештини, а потоа го поканил да ја изврши задачата да го обнови градот. Немија во визија ја видел целта – отстранување на „голема неволја и срам“ од Божјиот народ. Организирајќи многу групи за работа во помалите делови од градот, и благодарение на неговата далекосежна визија, Немија ги побарал од царот потребните средства за да ја изврши поставената задача. Тој лично не учествувал во самата изградба, но постојано работел на отстранување на притисоците што се заканувале да ги попречат неговите работници во извршувањето на работата. Барајќи свечени ветувања за соработка од својот народ, тој ги бодрел и ги храбрел. Цврсто се спротивставувал на сите противења и напади додека работата не била завршена.

Забележете уште еднаш, Немија отишол кај царот да побара материјална помош, ги отстранувал притисоците, ги бодрел и храбрел работниците и се спротивставувал на нападите.

Немииниот пример на раководење очигледно го отсликува дарот на управување, кој се состои од четири дела:

**1. Организација и инвентивност**

**2. Далекосежни цели и сосредоточена преданост**

**3. Способност да ги инспирира другите**

**4. Истрајност.**

Сето ова е пример за божествениот вдахновен дар на управување, што на црквата ѝ е толку многу неопходен.

Главен фокус на животот на Немија била „продуктивноста“, остварувањето на посебна задача. Сите негови сили биле насочени кон исполнување на таа задача.

*Сабота, 13 април 2019*

## БОЖЈИОТ ДАР ЗА ЈОВАН

Дарот на возљубениот ученик Јован бил во една сосема друга област во однос на дарот што го поседувал Немија и за кој размислувавме минатата сабота. Учењето на Јован и неговите лични ставови покажуваат дека негова главна преокупација била „љубовта“. Добрите, благородни односи со луѓето околу него биле исклучително важни.

Јован воспоставил мошне близок однос со Исуса. Всушност, Јован зборува за себе како ученик „кого Исус го сакаше“. Зборовите како радост, заедница, надеж и доверба, често ги сретнуваме во неговото прво и второ послание.

Суштината на неговата порака била да се поттикнат и да се водат христијаните на таков начин што длабоко ќе го сакаат Христа како и едни со други. Примарна цел на Јован била да се исцелат раните, да се ублажат бариерите меѓу луѓето.

Со префинети чувства кон оние што го опкружувале, сериозно заинтересиран за нивните физички потреби, Јован на еден прекрасен начин го прикажува дарот на милоста.

Дарот на милоста често се открива преку способноста да се почувствува вистинската болка на другите и вистинската потреба за длабоко пријателство, во која владее заемна приврзаност.

Дарот на милоста што го прикажува Јован, е содржан во три дела:

**1. Способност да ги води луѓето преку љубовта кон Христа и меѓусебната љубов.**

**2. Подготвеност да ги лекува раните на луѓето.**

**3. Помагање да се уништат бариерите меѓу луѓето.**

Според тоа, некои од факторите на овој дар на милоста може да бидат љубов, сочувствителност и помирливост, или пријателство.

Благодарност на Бога за даровите на Духот. Колку ѝ се потребни на Црквата луѓе како што е Немија, луѓе кои организираат, кои инспирираат. Но, ни требаат и луѓе како Јован - нежни, полни со љубов.

*Сабота, 20 април 2019*

## ТРИ ОСНОВНИ КАТЕГОРИИ НА ДАРОВИ

Три истакнати глави од Библијата зборуваат за предметот на духовните дарови. Тоа се 1. Коринќаните 12, Ефешаните 4 и Римјаните 12. Некои луѓе се обиделе да го утврдат точниот број дарови. Постојат некои кои тврдат дека има 7, 21, па дури и 28. Сепак, дури и ако Библијата зборува само за 28 дарови, а бидејќи манифестациите на Духот се неограничени, зар нема да се согласиме дека такви можности има многу повеќе?

Постојат многу начини тие дарови да се поделат и да се класифицираат. Еден од најуспешните и најкорисни ги дели даровите во три основни категории:

**1. Дарови на служба**

**2. Дарови на манифестации**

**3. Дарови на мотивација**

**Дарови на служба:** ја овозможуваат христијанската служба преку Црквата. Овие дарови, опишани во Ефесјаните 4 глава, ја вклучуваат службата на пасторите, учителите, управителите, пророците и апостолите.

**Даровите на манифестација:** се натприродни резултати од дејството на Светиот Дух во нашите животи и во животот на оние на коишто им служиме. Добри примери би биле чудата, верата, гостољубивоста, мудроста.

**Дарови на мотивација:** му дава на верникот сила да се сосредоточи на одреден аспект на христијанската грижа. Верникот

ја извршува оваа служба благодарение на присуството на Светиот Дух, кој му дава сила. Секој христијанин има барем еден од даровите на мотивација, споменат во Римјаните 12,6-8.

*Сабота, 27 април 2019*

## ДАРОВИ НА МОТИВАЦИЈА

Третата група дарови, кои ги нарекуваме **дарови на мотивација**, секого од нас го исполнува со една основна цел, одредена област на служба во Црквата како тело. Рековме дека секој христијанин има барем еден дар на мотивација. Може да има една или повеќе дарови на служба и неограничен број на дарови на манифестација. Бидејќи даровите на мотивација ја сочинуваат основата на службата во Црквата, ве повикувам внимателно да ги проучиме секој од нив поединечно.

**Прочитајте: Римјаните 12,5-8.**

Во оваа глава ја добиваме основната листа на дарови што им се даваат на верниците-поединци, преку кои Црквата ќе може да ја извршува својата служба:

**1. Пророштво** (проповедање на Божјата порака): се однесува на способноста да се објавува божествената вистина, така што Библијата станува жива во нивните уши. Еден истакнат пример на овој дар е проповедта на Петар на денот Педесетница.

**2. Служба:** способност несебично да ги задоволуваме потребите на другите луѓе. Подготвеност да вложиме време, таленти и средства за да им помагаме на другите. Служба без мисла за награда.

**3. Учење:** Способност јасно и разбирливо да ја објаснуваме Божјата реч, помагајќи им на слушателите да ја разберат вистината и да постапуваат во согласност со неа.

**4. Тешење (храбрење):** од Бога дадена способност да се повикуваат луѓето на активност, поттикнувајќи ги да променат некои свои постапки, без непотребно да ги повредиме.

**5. Давање:** Способност великодушно да се задоволат потребите на другите, без разлика дали имаме многу или малку. Особено способноста да им даваме материјална помош со радост.

**6. Управување:** дар на предвидливост за далекосежни цели, а потоа организирање и управување со средства, можности и персонал, со цел да се постигнат овие цели.

**7. Милост (добрина, гостољубивост):** способност да негуваме сочувство кон оние што се во неволја и да им укажеме помош на љубезен и срдечен начин, навистина да се заземаме за нив. Вистинско соживување и сочувство кон лицата кои страдаат од тешки ментални, емоционални и физички проблеми.

*Сабота, 4 мај 2019*

## ДАРОВИТЕ СЕ НАДОПОЛНУВААТ

Еден познат автор користи убава приказна, со намера да покаже како даровите се надополнуваат, за да се оствари Божјата волја за неговата Црква.

Една вечер, по заедничкиот оброк, домаќинката се сопнува додека ја изнесува тортата пред гостите. Прекрасната торта ќе ѝ се лизне од рацете и ќе падне на подот.

Еден од гостите со дарот на проповедање (објавување на вистината) можеби ќе се обиде да ја укори домаќината со зборовите: „Марија, знаеш дека не мора да брзаш толку многу поради нас.“

Лице со дар за учење, анализирајќи ја ситуацијата, може да каже: „Тортата можеби падна, бидејќи чергичката пред вратата е премногу дебела“. Тој ќе биде склон да анализира што се случило.

Личноста со дарот на управување веднаш ќе го согледа проблемот и ќе најде решение: „Златко, оди донеси крпа! Ајде, ајде, помогни да се собере тоа! Марија, ајде, набрзина заедно да направиме уште една торта!“

Лице со дар на служење веднаш ќе дојде да помогне на кој било начин.

И личноста со дар на давање ќе извика: „Ќе трчнам до продавница и ќе купам уште една убава торта“.

Човек со дар на милост ќе се обиде да ја олесни непријатната ситуација во која се нашла Марија со зборовите: „Не грижи се, и мене ми се случи тоа неодамна“.

Личноста со дар на храбрење ќе заклучи: „И онака тој вишок од калории не ни беше потребен!“

Ете, затоа сме си потребни едни на други! На Божјата Црква потребен ѝ е целокупниот спектар од духовни дарови.

*Сабота, 11 мај 2019*

## КАКО ДА ГИ ОТКРИЕТЕ ВАШИТЕ ДУХОВНИ ДАРОВИ?

Да ги откриеш своите духовни дарови значи да ја доживееш полнотата и радоста на Божјата служба. Да станеш свесен за сопствениот дар значи да осетиш каде е твоето место во Христовото тело. Тогаш го запознаваш изворот на успех и служба во Божјето дело.

„Добро, како треба да го направам тоа?“ ќе прашаш. „Кои се моите дарови?“

Следните шест чекори можат да ти помогнат да ги откриеш своите духовни дарови:

**1. Посвети му го на Бога својот живот и побарај мудрост од него,** верувајќи дека Тој ќе ти го открие тоа (Јаков 1,5). Имај на ум – Тој сака ти да ги откриеш своите дарови.

**2. Верувај дека, како што ветил, Бог те дарувал со барем еден духовен дар,** со кој треба да извршиш одредена работа во Неговата служба (Матеј 7,7). Копнежливо чекај на Господа!

**3. Внимателно проучи го текстот во Римјаните 12,6-8; 1 Коринќаните 12 глава и Ефешаните 4 глава,** молејќи се на Бога да те упати во твоето подрачје на служба.

**4. Анализирај ги своите вештини!** Испитај ги своите чувства! Светиот Дух ќе ти покаже како да бидеш среќен и продуктивен во службата. Ако си продуктивен во одредена служба и уживаш во таква работа, најверојатно имаш дар во таа област.

**5. Очекувај Бог да ги потврди.** Бидејќи даровите на Духот се наменети за унапредување на Христовото тело, Бог ќе го сврти вниманието на другите кон даровите што тебе ти ги дал. „...Неопходно е другите делови на телото да го имаат последниот збор во потврдувањето на твојот дар“ (Питер Вагнер, „Твојата црква може да расте“).

Кога секој ќе го заземе местото на служење и ќе дејствува со своите посебни дарови, Божјиот Дух ќе нè воведе во искуството на најголемата експлозија на раст во историјата!

Големата и славна вистина за духовните дарови е: Секој од нас е важен. Секој од нас е значаен и неопходен. Ние не можеме сите да го работиме истото, но секој од нас може да направи нешто – токму според можностите што Бог ни ги дал – за да го унапредиме Неговото дело!

*Сабота, 18 мај 2019*

## МАЛИ РАБОТНИ ГРУПИ

Прекрасно е чувството да се знае дека Бог на секој од нас му дал дарови што треба да ги користиме во Неговата служба. Кога стануваме христијани, природните таленти што претход-

но сме ги користеле за задоволување на личните желби, сега се пренасочени во служба на Бога преку дејствувањето на Светиот Дух. Истиот Свет Дух, преку божествено делување, всадува во нас нови дарови или способности, за да можеме со нив да го унапредиме Божјето дело на Земјата.

Како што веќе видовме, Црквата можеме да ја споредиме со човечкото тело. Тоа има многу различни делови, од кои секој дел е важен за нормалната функција на телото. На сличен начин, Бог во нашата црква донел различни верници, од кои секој е неопходен за функцијата на тоа тело.

Павле во: 1 Коринќаните 12,18-22. ја опишува важноста на секој поединечен верник.

Додека размислуваме за човечкото тело, доаѓаме до некои делови кои навидум ни се чинат како да не се нешто посебно потребни. Да размислиме за момент на трепките. Тие се толку мал дел од телото. Сепак, без трепките, очите многу брзо ќе почнат да солзат од прашината во воздухот. Влажните очи наскоро ќе дадат замаглен поглед. Замаглениот поглед може да го попречи музичарот да не ги гледа нотите, наставникот да го прочита неговиот текст или секретарот за да ги види буквите на неговата машина за пишување. Заматениот поглед може да предизвика многу проблеми. Трепките, иако изгледаат безначајни и како нешто без кое се може, сепак претставуваат важен дел од телото.

Секој дар што Бог го дал служи за изградување на црквата и објавување на Евангелието на луѓето во тој крај. Божјиот план е неговите дарови да се употребуваат. Мислам дека е корисно уште еднаш да се обрне внимание на мислата: сите дарови се дадени за да служба; повеќекратни дарови во Црквата даваат многу различни можности за служба.

*Сабота, 25 мај 2019*

## „ЗОШТО СТОИТЕ ТУКА ЦЕЛ ДЕН БЕЗ РАБОТА?“

Во една парабола за лозјето, Исус прашува група луѓе зошто стојат на улица: „Зошто стоите тука цел ден без работа? Одете и вие во моето лозје“. Истото прашање поминува низ огромното време, го дупнува балонот на нашата досада и се забодува во нашето срце.

„Зошто стоите тука цел ден без работа?“ На секој од нас му се дадени дарови за да може да служи. Вистинската среќа доаѓа со запознавањето на даровите што ни ги дал Бог и со подрачјата на службата во која сме повикани.

**Бог го повикал Мојсеја**

Низ сите векови Бог на мажите и жените им упатувал повик за служба. Во деновите кога древниот Израел бил во ропство, Бог го повикал Мојсеја да го избави тој народ. Како што Мојсеј бил повикан да служи, и до мене и до тебе, до сите нас, е упатен истиот повик. Христос секој христијанин го повикува затоа што сака да го употреби за ослободување на оние кои се наоѓаат во оковите на гревот.

Можеби ќе се сетиш дека Мојсеј имал интересен разговор со Бога кога Го повикал. Тој рекол: Боже, јас не сум красноречив човек. Не зборувам течно. Испрати го мојот брат Арон. Веројатно си направил грешка во повикот. Испрати некој друг! Дијалогот меѓу Мојсеја и Бога, кој го повикува да работи, се наоѓа во 2. Мојсеева 4,1.2.

Откако Мојсеј одговорил негативно на Божјиот повик, Бог го прашал: „Мојсеј, Што ти е тоа во раката?“

„Стап, Господи,“ одговорил Мојсеј. „Обичен стап. Четириесет години го користев за чување овци. Тоа е истиот стап на кој се потпирав искачувајќи се на карпестите патеки. Тоа е стапот што

го користев да ги избркам лавовите и мечките. Најобичен стап, Господе."

Бог на тоа одговорил: „Јас овој стап ќе го употребам за да го благословувам Израел. Мојсеј, кога ќе го кренеш тој стап, пред вас ќе се отвори Црвеното Море. Кога со него ќе удриш во карпата, вода ќе потече од неа. Кога ќе го кренеш, цели војски ќе бидат поразени. Мојсеј, што имаш во твојата рака?"

„Стап, Господи, обичен стап".

„Мојсеј, со него ти дадов сè што треба за да го избавиш Израел".

Со вера Мојсеј сфатил дека Бог, со својата божествена рака, навистина му дал сè што му е потребно за да ги избави Израелците. Сите дарови што ви се потребни за служба во Божјето дело, веќе ви се дадени! И сосема е сигурно дека тие можат да се развијат.

*Сабота, 1 јуни 2019*

## „ШТО ТИ Е ТОА ВО РАКАТА?"

Дали е можно да се размислува вака: „О, кога би можел да проповедам како Били Грем или да пеам како членовите на квартетот Kings Heralds! Кога би ја познавал Библијата како проповедник... Тогаш ќе можев да служам. „Бог одговара: 'Што ти е тоа во раката? Обрни внимание на даровите што ти ги дадов".

Дали се сеќавате на чудото што го направил Христос на падините на ридот во Галилеја, кога нахранил пет илјади луѓе? Учениците рекле: „Господару, немаме доволно храна за да го нахраниме целиот народ? Што да правиме?", тогаш Исус се свртел кон Филипа, „Филипе што имаме", а Андреј одговорил: „Тука има едно момче, кое има пет јачмени лебови и две риби." Тогаш Исус им рекол дека тоа е доволно. Исус ги зема овие пет леба и

две риби, ги множи и ги благословува, а пет илјади луѓе имаат доволно храна. Исус не ги испратил учениците во пекарница во Ерусалим за да купат леб. Тој не ги испратил до некој голем добротвор, од кого би побарале пари за да купат доволно леб за петте илјади луѓе. Напротив, Исус едноставно прашува со што располагаат, а потоа дека тоа што веќе го имаат е доволно.

***Бог ѝ ги дал на Црквата сите потребни дарови***

Ние знаеме дека Бог ѝ ги дал на нашата Црква сите духовни дарови кои, кога ќе ги организираме и канализираме во креативна работа за Господа, ќе направиме Црквата да расте. Сите дарови кои се потребни за растење, веќе се присутни во нашата Црква. Кога ќе го препознаеме секој дар и ќе го ставиме на своето место, и ако секој верник учествува со користење на своите дарови во слава на Бога, Светиот Дух ќе нѐ вдахне и благослови, па Црквата силно и успешно ќе се движи напред.

*Сабота, 8 јуни 2019*

## КАКО ДА СЕ ОРГАНИЗИРААТ ДАРОВИТЕ?

Ајде да го поставиме прашањето: Каков е Божјиот план во врска со организирањето на даровите? Да се потсетиме повторно на човечкото тело. Забележуваме дека ниту еден орган не функционира сам за себе. Секој од нив е дел од системот. Така, постои респираторниот систем, циркулаторниот систем, дигестивниот систем, мускулно-скелетниот систем и други. Секој од овие системи се состои од групи на органи кои заедно работат овозможувајќи му на системот да ја извршува својата задача. Сите системи се дел од телото. Кога сите системи соработуваат, телото може да функционира.

Не постојат независни единици во телото, нема ништо што постои за себе. Сите тие зависат една од друга. На ист начин, за Црквата да расте, од суштинско значење е даровите да се организираат во системи. Сите овие системи на телото на Црквата, кои работат заедно, придонесуваат за животот и растот на Црквата.

Да го употребиме човечкото тело за уште една илустрација. Да претпоставиме дека се наоѓам на излет во планина. Одејќи патем по ридот, зад едно големо дрво одеднаш се соочуваам очи в очи со - мечка. Во истиот момент, срцето почнува да чука побрзо. Побрзиот срцев ритам носи и повеќе крв во крвните садови во моето тело. Садовите се прошируваат, со цел да примат поголем проток на крв. Почнувам да дишам многу подлабоко. Белите дробови добиваат поголеми количини на кисло-род. Зениците се шират, за да можам подобро да гледам. Мускулите се стегаат и стануваат како затегната челична пружина и јас сум подготвен да се борам, или уште подобро, да бегам. Секој орган на телото соработува во смисла брзо да дејствува. Кога сите системи работат со максимална сила, почнувам да трчам.

На сличен начин функционира и Христовото тело. Нашата Црква може да расте само ако секој дар, даден преку Светиот Дух, е насочен кон примарната цел – проповедање на Евангелието.

*Сабота, 15 јуни 2019*

## БИБЛИСКИ ТЕМЕЛ НА СЛУЖБАТА ВО МАЛИ ГРУПИ

Со цел Црквата да работи со максимална сила, таа мора да биде организирана во помали кругови. Овие помали кругови работат како системи во различни области, а со тоа придонесуваат за доброто на Црквата како целина.

**Јотор**

Под Божја инспирација, Јотор открива дека Мојсеј не може да раководи со сите активности. Во 18. глава од 2. книга Мојсеева, Јотар се приближува кон Мојсеја и му кажува Израелците, три милиони на број, да ги подели во подгрупи од илјада, сто, педесет и десет. Овој основен принцип на децентрализирање на одговорноста и основање мали работни кругови е основно средство за успех во растот на Црквата.

**Исус**

Истиот принцип го наоѓаме и во Новиот завет. Исус, тој голем евангелист, организирал еден мал круг кога ја започнал својата служба. Исус околу себе собрал дванаесет обични луѓе, од кои секој имал поинакви дарови. Дури и еден површен поглед на учениците ќе ни ја открие нивната нееднаквост, нивните разлики. Меѓутоа, овие единствени дарови им помогнале на учениците да ги постават темелите на христијанската црква!

**Петар**

Еден од нив бил Петар, со очигледен дар за проповедање. Петар бил брз кога зборувал. Имал природен дар за зборување. Сигурно, неговото одушевување го навело на некои непромислени дела. Меѓутоа, неговата проповед на денот Педесетница е доказ за неговиот дар за проповедање. Исус го видел тоа.

**Јован**

Од друга страна, како што спомнавме претходно, учењето и личните односи што ги негувал Јован, покажуваат дека главно средство на неговата работа е љубовта. Зборот „љубов“ тој го користи повеќе од сите други библиски писатели. Тој умеел да ја процени вистинската љубов. Светиот Дух му ги дал даровите на милост, љубов и сочувство.

**Матеј**

Тука е Матеј, ученик кој ѝ бил мошне потребен на оваа група. Матеј знаел да работи со бројки. Неговата прецизна и педантна

природа, љубовта кон деталите биле од големо значење за растот на Црквата. Кога ги читаме евангелијата, гледаме дека Матеј бил највериниот хроничар и пренесувач на Христовите проповеди. Матеј бил „стенограф", кој внимателно ги запишал самите зборови на Христос. Ние му должиме на Матеј што ја запишал Исусовата најмоќна проповед од 5., 6. и 7. глава.

**Андреј**

Да се сетиме и на Андреј. Андреј го довел Петар кај Исуса. Тој бил оној што го нашол момчето со петте леба и двете риби. Андреј ги донел Грците кај Исус. Андреј бил човек што имал очи и срце за луѓето. Никој не бил занемарен кога Андреј бил тука. Неговите очи биле насочени кон оние надвор, кон другите, а не навнатре, кон себе.

Ова се само мал број примери, за да сфатиме дека Христос ја избрал оваа мала група од дванаесет ученици, со различни дарови, за да ја изврши задачата што ѝ е доверена на Црквата. Да го кажеме ова поедноставно - благодарение на многуте различни дарови, организирани во рамките на мали работни групи, вешто комбинирани за служба, Христовата мисија била остварена.

*Сабота, 22 јуни 2019*

## РАСТОТ ЗАВИСИ ОД ...

Низ целиот свет, црквите што растат се цркви кои ја истакнуваат услугата на малите групи.

Во својата книга „Христови слуги", Готфрид Остервал вели: „Има обилни докази за тесната врска на растот на Адвентистичката црква со големината на црквата и работата на малите групи" (стр 26). Тој продолжува:

„Врз основа на серија компаративни студии, кои ги опфаќаат адвентистичките месни цркви кои брзо растат, можеме да ги истакнеме следниве посебни обележја:

1. Вистинско заедништво меѓу верниците, кое се протега и кон луѓето кои не се со нас во верата.

2. Активен живот на заедничко проучување на Библијата и молитва.

3. Мали работни групи, кои вршат различни служби во црквата.

4. Активна програма за сведочење на црковната територија, со посебни задачи и цели.

5. Служба која е сеопфатна, богата, разновидна и добро планирана.

6. Атмосфера како во едно семејство каде има многу љубов, радост и мир.

7. Проповедање во кое Христос е центарот.

Размислете што би се случило кога во нашата црква би се организирале мали групи и тие станат центар на библиско проучување, молитва, заедништво и мисионска работа? Што ќе се случи ако тие станат точки во кои се споени даровите на верниците, точки на една сосема конкретна територијална поделба на задачите и подрачјата на служба?

Овој план за работа во мали групи не е нов. Во книгата „Христијанска служба“, на стр. 72, Елена Вајт ни го дава следниов совет:

„Во секоја црква треба да има добро организирани групи на работници за работа во близина на црквата.“ Еве конкретни повици за организирање на групи во црквата:

„Зошто верниците не чувствуваат подлабока, посериозна грижа за оние кои се далеку од Христа? Зошто не се состанат двајца или тројца да се молат на Бога за спасение на една определена личност, а потоа за друга. Повикувам да се формираат групи за служба во нашите цркви“.

*Сабота, 29 јуни 2019*

## НЕБЕСЕН МЕТОД

**Рецепт за растење - мали групи кои работат заедно!**

„Ако црквата има голем број верници, треба да се формираат мали групи кои ќе работат не само со верниците туку и со неверниците. Ако само двајца или тројца што ја познаваат вистината живеат на едно место, тие треба да бидат организирани во група. Тие треба да ја задржат непрекината својата врска на единство, трудољубиво работејќи заедно, во љубов и единство, поттикнувајќи се еден со друг да напредуваат... Додека така работат и се молат во Христово име, нивниот број ќе се зголемува“ (7Т 21.22).

Можеш ли да осетиш дека оваа метода е небесна? Бог за растењето на црквата не сака да му даде слава само на еден човек – пастор или евангелист, или претседател на област. Напротив, негова желба е да се здружат сите верници, да работат во организирани единици, или во мали работни групи, остварувајќи ја целта која ја нарекуваме раст на Црквата.

ГРАДИВО 2/2019
**Мисионски стихови**
**-** Евангелски активности
на верниците

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**